

# 7 МЛАДИ ГРАФИЧАРИ

## Битрак Кристина

Родена 1976 год. во Охрид. Дипломирала на Факултет за ликовни уметности во Скопје, одсек графика кај проф. Зоран Јакимовски. Постдипломец е на истиот факултет кај проф. Константин Танчев-Динка.

ул: Бул.Јане Сандански 59-1/9 Скопје



1. "З з з з з з ..." 2000, сериграфија, дим: 100x70см.
2. "Личи на лепеза?" 2000, сериграфија, дим: 100x70см.
3. "Терминатор", 2000, сериграфија, дим: 70x100см.
4. "Остракода" 1999, акватинта/етканица дим: 69x100см

## Дудевски Хари

Роден во Прилеп 1974год. Дипломирал на Факултет за ликовни уметности, (графика со графички дизајн) во Скопје и магистрирал на истиот факултет кај проф. Контастин Танчев Динка.

ул: Кеј 1ви Мај бр. 10в Прилеп



1. "Портрет - Маска -2", 2000, сериграфија, дим: 100x70см.
2. "Портрет - Маска -3", 2000, сериграфија, дим: 100x70 см.
3. "Портрет - Маска ", 2000, сериграфија, дим: 70 x 100см.
4. "Маска" 2000, сериграфија, дим: 100x70см

## Ѓорѓиева Соња

Родена 1977 год. во Битола. Дипломирала на Факултет за ликовни уметности Скопје. Постдипломец е на истиот факултет кај проф. Зоран Јакимовски.

ул: Партизанска 20/46 Битола



1. "Мртва природа", 2000, акватинта, дим: 65x48 см.
2. "Без наслов -2", 2000, линорез, дим: 50x70 см.
3. "Композиција", 2000, сериграфија, дим: 70x50см
4. "Композиција 1", 2000, сериграфија, дим: 70x50см

## Мешкова Љубица

Родена е 1975 год. во Скопје. Дипломирала на Факултет за ликовна уметност - одсек графика со конзервација и реставрација) кај проф. Зоран Јакимовски

ул:„Цар Самоил„ бр. 120, 7000 Битола



1. Композиција -2, 1999 линорез дим: 70x49 см.
2. 4 Годишни времиња, 2000, ситопечат, дим: 50x70 см.
3. Глуварче, 2000, акватинта дим: 75x57 см.
4. Градини 2000, линорез дим:100x70 см.

## Тасевски Александар

Роден 1976 год. во Прилеп. Дипломирал на Факултет за ликовни уметности во Скопје. Постдипломец е на истиот факултет кај проф. Зоран Јакимовски.

ул: Ѓорѓи Димитров 90 Прилеп



1. "__________", 1998 сериграфија дим: 70x50 см.
2. "Композиција" 2000, сериграфија дим: 70x50 см.
3. "Композиција" 2000, сериграфија дим: 70x33 см.
4. "Композиција" 2000, акватинта, дим: 50x70см

## Чулев Владимир

Роден 1971 год во Скопје. Студирал на Факултет за ликовни уметности во Скопје - одсек графика, во класата на проф. Димче Николов, а дипломирал кај проф. Константин Танчев - Динка.

ул: Алекса Дундуќ 207б Скопје.



1. Атом бомб, 2000, бакропис, акватинта дим: 70x89см.
2. Без наслов, 2000, компјутерска графика дим: 70x86 см.
3. Без наслов, 2000, компјутерска графика дим: 62x71 см.
4. Хомо Сапиенс, 2000, компјутерска графика дим: 72x53 см.

## Цимревска Викторија

Родена 1974 год. во Куманово. Дипломирала на Факултет за ликовни уметности - отсек графика, и постдипломски студии во Скопје, кај проф. Константин Танчев Динка

Ул: Ацо Борозански„ бр. 3 Куманово



1. Windows, 2000, сериграфија, дим: 87x65 см.
2. Изгрејсонце, 2000, сериграфија, дим: 90x65 см.
3. Немири, 2000, сериграфија, дим: 96x70 см.
4. Expression, 2000, сериграфија, дим: 98x69 см.

Графиката со своите специфичности, преставува автентичен и сложен медиум за презентација на уметничките идеи. Изложбата на 7 млади графичари преставува дел од согледувањата каде се движат новите графички реализации, која е нивната перспектива, смислата на интерактивност, степенот на зависност (ослободување) од традиционалните шеми, разнообразност во стилски и ликовно-естетски определби.

Секој од авторите е специфичен на свој начин иако сите се обидуваат да "избегаат" од класичните графички техники создавајќи извесна поврзаност со сликарството преку нагласена определба за ситопечатот.

Во делата на Викторија Цимревска преовладуваат чисто пиктурални ефекти. Експресијата на чувства ја изразува низ лирско-апстрактна комбинација на ликовни елементи. Примарен е колористичкиот момент трансформиран низ експресивниот гест на линијата, кој со силата на сопствената енергичност создава специфична изразно-емотивна форма. Композицијата е исполнета со суптилни чувства кои ја нагласуваат непосредната интуитивна и спонтана атмосфера на духот.

Хари Дудевски презентира фигуративни преставиі создадени од волумен во кој ги сместува композициските идеи. Тие се дводимензионални, исполнети со колористичко богатство на емоции. Специфичен е контрастот на површините со што композицијата е во динамичен ритам на ликовните елементи.

Кристина Битрак создава апстрактни решенија со реалистичен инсект како препознатлив елемент на ликовниот ракопис. Специфична е динамиката на внатрешни движења, интензивни колористички површини кои се разбиени од динамични, широко извлечени линеарни потези.

Соња Ѓорѓиевска композициите на мртвите природи ги поставува во апстрактно-асоцијативна конотација. Исечоците од весници кои се во функција на обликување на формата, го дополнуваат основниот концепт за нова димензија: невообичаена комбинација на плошност и тродимензионалност.

Љубица Мешкова покажува интерес за чисто графички решенија со колористички интервенции кои имаат за цел да го дообјаснат основниот концепт на идејата. Цртежот е робусен, а светло-темните површини во тлоцртите на основната замисла, ја исполнуваат композициската поставеност на елементите.

Фигурацијата на Александар Тасевски ја карактеризираат поп-артовски елементи на мултипликативност од една страна и експресивна динамичност на линијата при оформувањето на композициите, од друга страна. Посебно внимание е посветено на внатрешната изразност на ликовите и експресивната издолженост на фигурите постигнати со линијата како примарен елемент.

Владимир Чулев го поврзува светот на техниката со основниот мотив, создавајќи спој помеѓу археолошките (историски) артефакти со ладната динамика на металните форми распоредени низ бескрајот на пространството. Компјутерската графика со колористичките интервенции овозможуваат лесно надминување на тенката граница помеѓу светот на реалноста и имагинацијата.

Лиљана Христова

Уметничка галерија
Битола
21 Декември 2001

| | |
|---|---|
| организација: | Завод, музеј и галерија Битола |
| за организаторот: | Иван Јолевски |
| комесар на изложбата: | Лиљана Христова |
| фотографии: | Христо Бојаџиев |
| компјутерска обработка: | Жико Калпаковски |